**Образец бр.1**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема |
| Министерство: | Министерство за економија |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Исмаил Ебипи, Државен советник<br>Снежана Петковска, Раководител на сектор за правни работи<br>т. 3093 510<br>3093 462<br>e-mail ismail.ebipi@economy.gov.mk<br>snezana.petkovska@economy.gov.mk |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | ноември, 2009 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви | Не |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

А. Почетна проценка на влијанието на регулативата

1. Кои се главните проблеми?

   Главниот проблем е потребата од целосно изедначување на домашните и странските правни и физички лица како основачи во друштво за производство на ВВО во однос на нивното учество во вршење на дејноста промет на ВВО  Поточно  постоечкото законско решение нуди полиберален пристап во смисла на учество на странските правни и физички лица како основачи или инвеститори во друштвото за производство на ВВО во однос на нивното учество во вршење на дејноста промет на ВВО. Имено согласно важечките одредби од законот странските правни и физички лица можат и самостојно да основаат трговско друштво за производство на ВВО, но и заеднички со домашни правни лица, како и тоа  да купат удели или акции без ограничување на учеството на уделите или акциите во основната главнина, дури и 100% од друштвото, со согласност на Владата на РМ, додека тровско друштво за  промет со ВВО странски лица не можат самостојно да основаат, туку заедно со домашни правни и физички лица, и

иститe можат да се стекнат со акции и удели во тоа друштво со најмногу 49% од основната главнина на друштвото за промет со ВВО, со согласност на Министерството за економија.

2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

   **Можни решенија се:**

   1.Да се изготват измени и дополнувања на постоечкиот текст на законот, кој би ја регулирал материјата. Поточно со измените на Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема да се интервенира на начин што ќе се изврши изедначување на субјектите кои можат да бидат носители на двете дејности-производство и промет на ВВО, во смисла на можноста за учество на странците во основната главнина на овие друштва.

3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

   Засегнати страни во процесот на процена на влијанието на регулативата се Владата на РМ од една страна, како даватаел на согласност за вршење на дејноста и заинтересираните странски правни и физички лица кои сакаат да основаат друштво за вршење на наведената дејност, од друга страна.

Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?

   Забелешки од страна на заинтересираните странски правни и физички лица кои сакаат да основаат друштво за вршење на наведената дејност.
2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат? /
3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?

   Иницијално е потребно да се направи анализа на постоечкиот Законот за производство и промет на вооружување и воена опрема и да се утврдат неговите слабости во имплементацијата, во делот **на** можноста странски правни и физички лица кои сакаат да основаат друштво за вршење на наведената дејност. Имајќи ги во предвид добиените резултати од оваа проценка ќе се изработат измени и дополнувања на постоечкиот закон.
4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?

**Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси**
(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија)

В. Временска рамка

1. Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?
   Активностите за проценка на влијанието на регулативата се започнати од ноември 2009 година.
2. Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?

3. Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?
   Ноември 2009 година.

Г. Ресурси

1. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот ?